**ЗАПИСНИК**
**од 44-та седница на Советот**
**одржана на 11.09.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ, акад. Бојан Шоптрајанов, м-р Васко Петревски, Методи Стоименовски, Сељадин Џезаири, Лазо Петрушевски, м-р Борис Арсов, Антонио Јовановски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини, Столе Наумов Бранко Радовановиќ.

**Отсутни членови на Совет:** Замир Мехмети (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев-Чакар, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саити, Магдалена Давидовска – Довлева, Луција Ѓурковиќ, Ружица Бошнакоска – Јотевска.

**Други присутни:** Јета Жута од ЦРМ, Мехмедали Јусуф од МТВ2, Петар Блажевски од ТВ АластМ.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски ја отвори 44-та седница на Советот за радиодифузија на Република Македонија. Седницата започна во 12 часот и се одржа во просториите на Советот.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски предложи точката под Разно „Информација за потребата од планирање на потребни средства за изградба на административен објект за потребите на Советот за радиодифузија на РМ и потребата од изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-2911/1 од 26.06.2013 година“, да биде вградена како точка под реден број 2. Предлогот беше едногласно усвоен.

Советот, со 14 гласа „за“, едногласно, го усвои следниот:

**Д н е в е н  р е д**

1. Усвојување на Записникот од 39-та седница на Советот, одржана на 20.08.2013 година.
2. Информација за потребата од планирање на потребни средства за изградба на административен објект за потребите на Советот за радиодифузија на РМ и потребата од изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-2911/1 од 26.06.2013 година.
3. Договор за градење склучен помеѓу СОЗР, СРД и АДСДП како инвеститори и изведувачот Декон-Ком ДООЕЛ Скопје.
4. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ БОЕМ Слободан Меноски Кичево ДООЕЛ, емитуван на 21 јули 2013 година.
5. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 јули 2013 година.
6. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија (Пречистен текст) бр.01-3114/1 од12.07.2013 година.
7. Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плати и други надоместоци за вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија (Пречистен текст) бр.01-3113/1 од 12.07.2013 година.

8. Информација во врска со потребата од номинирање лица за проектот на СРД од IPA TAIB 2009 „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси“.

9. Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ.

10. Информација за отстранета недозволена медиумска концентрација кај ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес.

11. Информација за отстранета недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ.

12. Информација за извршена промена на сопственичката структура на основачот на Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ од Штип.

13. Информација во врска со Барањето на ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ, Скопје, бр.03-3682/1 од 05.09.2013 година.

14. Информација по дописот на регионалниот радиодифузер ТРД ТВ ЕДО, село Љубин, Сарај, бр. 03-2876/4 од 22.07.2013 година, во врска со мониторингот на Советот за радиодифузија на емитувана филмска програма од страна на овој радиодифузер, во времето од 09.06.2013 до 16.06.2013 година, со предлог заклучоци.

15. Предлог-Одлука за поништување постапка за доделување договор за јавна набавка, спроведена како постапка со барање за прибирање понуди врз основа на Одлука за потреба од јавна набавка за услугата: Одржување и сервисирање службени моторни возила на Советот за радиодифузија на РМ (сервис – комплетно одржување), во делот бр. 1 - Одржување и сервисирање службеното моторно возило Nisan Kaskai 1.4.

16. Предлог-Одлука за доделување на договор за јавна набавка за потребите на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

17. Барање бр.11-323 од 24.07.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.2 на Друштво за производство, трговија и услуги КТВ ПЕШНА ДООЕЛ Кичево,

18. Барање бр.11-328 од 31.07.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.6 на ТРД – оператор на кабелска мрежа КРАТЕЛСАТ ДООЕЛ Виница,

19. Барање бр.11-337 од 31.07.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.3 на ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЛЕ КАЛ Кичево,

20. Барање бр.11-355 од 14.08.2013 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.23 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Скопје,

21. Барање бр.11-336 од 31.07.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.7 на ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-ОН ДООЕЛ Дебар,

22. Барање бр.11-334 од 31.07.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.2 на ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-КТВ ДООЕЛ Струга продужница Желино,

23. Барање бр.11-335 од 31.07.2013 година, за регистрација на пакет програмски сервиси бр.7 на ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-КТВ ДООЕЛ Струга,

24. Барање бр.11-368 од 27.08.2013 година за регистрација на пакет програмски сервиси бр 5 на ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ Л НЕТ Лабуништа,

25. Барање бр.11-357 од 27.08.2013 година, регистрација на пакет програмски сервиси бр.2 на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, Подружници Телекабел – Аналоген збирен пакет за градовите Скопје, Велес, Штип, Битола, Св.Николе, Струмица, Кочани,Неготино, Радовиш и Кавадарци,

26. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 39-та седница на Советот, одржана на 20.08.2013 година. Советот, со четири воздржани гласа, од Заменикот на претседателот д-р Милаим Фетаи и членовите на Советот, Селвер Ајдини, акад. Бојан Шоптрајанов и Бранко Радовановиќ и 10 гласа „за“ го усвои Записникот од 39-та седница на Советот, одржана на 20.08.2013 година во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот ја разгледа предложената Информација за потребата од планирање на потребни средства за изградба на административен објект за потребите на Советот за радиодифузија на РМ и потребата од изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-2911/1 од 26.06.2013 година. Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи објасни дека со цел да се склучи Договорот за градба со кој се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни, Советот за радиодифузија на Република Македонија, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје, потребно е да се планираат финансиски средства за изградба на деловниот објект за наредните години, 2014 и 2015 година.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, имаше забелешка и објасни дека во Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба, споменати се три ставки поединечно за кои има предвидено една сума. Втората ставка „надоместок за комунални такси“ рече дека не може да биде предмет на јавна набавка, затоа што тоа претставува трошок, односно такса која се плаќа по сила на Закон и истата произлегува автоматски со изградбата на деловниот објект. Во таа насока предложи да биде изоставена во Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба. Во однос на втората забелешка објасни дека Изработка на главен проект за деловниот објект на Советот за радиодифузија и Изградба на деловниот објект на Советот за радиодифузија се две посебни ставки, а наведена е една сума, односно нема увид колку посебно изнесува за едната ставка, а колку за другата и додаде доколку е така наведено, потребно е да има две посебни набавки. За да се избегне неправилноста, предложи да се спојат двете ставки во една реченица за да фигурира една јавна набавка со една сума. Советот едногласно ги прифати наведените забелешки.

Советот ја усвои предложената потреба од изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-2911/1 од 26.06.2013 година.

Советот со 13 гласа „за“, едногласно одлучи постојниот Годишен план за јавни набавки за 2013 година на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.01-2911/1 од 26.06.2013 година, да се измени. (членот на Советот, Столе Наумов не беше присутен за време на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви Пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2013 година на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

**Точка 3**

Советот го разгледа предложениот Договор за градење склучен помеѓу СОЗР, СРД и АДСДП како инвеститори и изведувачот Декон-Ком ДООЕЛ Скопје. Советот едногласно одлучи да го прифати предложениот Договор за градење склучен помеѓу СОЗР, СРД и АДСДП како инвеститори и изведувачот Декон-Ком ДООЕЛ Скопје. (членот на Советот, Столе Наумов не беше присутен за време на гласањето).

Советот го задолжи Претседателот на Советот за радиодифузија на Република Македонија, д-р Зоран Трајчевски да го потпише горенаведениот Договор за градење.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, наведениот Договор за градење, да го достави до СОЗР и АДСДП.

**Точка 4**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ БОЕМ Слободан Меноски Кичево ДООЕЛ, емитуван на 21 јули 2013 година. (членот на Советот, Столе Наумов не беше присутен за време на гласањето). Во анализираниот ден, кај ТВ БОЕМ не се констатирани прекршувања на Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти.

**Точка 5**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 јули 2013 година. (членот на Советот, Столе Наумов не беше присутен за време на гласањето). Со еднодневниот мониторинг на програмата на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, реализиран на 23 јули 2013 година, не се констатирани прекршувања на одредбите од Законот за радиодифузната дејност ниту на подзаконските акти.

**Точка 6**

Советот го разгледа Предлог-Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија (Пречистен текст) бр.01-3114/1 од12.07.2013 година. Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, објасни дека причина за предложените измени и дополнувања на наведениот правилник е завршувањето на високо образование на еден вработен од Стручната служба на Советот и со цел да се прошири обемот на неговите работни задачи и обврски во насока на образованието кое го стекнал со средства доделени од Советот, се врши предложеното изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија. Во таа насока додаде дека за таа цел и усогласување со наведениот правилник, како следна точка се подготви и Предлог-Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плати и други надоместоци за вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија (Пречистен текст) бр.01-3113/1 од 12.07.2013 година. Предложи новиот Договор за вработување, да гласи од 1 октомври 2013 година. Подетални информации за наведената точка наведе Раководителот на Стручната служба на Советот. Советот ја усвои Информацијата за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ -

Основен текст (Пречистен текст) бр.01-3114/1 од 12.07.2013 година, со Прилог број 1 и Прилог број 2. Советот едногласно донесе Правилник за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ - Основен текст (Пречистен текст) бр.01-3114/1 од 12.07.2013 година, со Прилог број 1 и Прилог број 2. (членот на Советот, Столе Наумов не беше присутен за време на гласањето). Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви Пречистен текст на наведениот Правилник.

**Точка 7**

Советот го разгледа Предлог-Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плати и други надоместоци за вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија (Пречистен текст) бр.01-3113/1 од 12.07.2013 година.

Советот ја усвои Информацијата за потребна измена и дополнувања на Правилникот за бруто плата и други надоместоци за вработените во стручната служба на Советот за радиодифузија (Пречистен текст). Советот едногласно донесе Правилник за измена и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци за вработените во Стручната служба на Советот (Пречистен текст), бр.01-3113/1 од 12.07.2013 година. (членот на Советот, Столе Наумов не беше присутен за време на гласањето).

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви Пречистен текст на наведениот Правилник.

**Точка 8**

Советот ја разгледа предложената Информација во врска со потребата од номинирање лица за проектот на СРД од IPA TAIB 2009 „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси“.

Советот ја усвои предложената Информација во врска со потребата од номинирање лица за проектот на СРД од IPA TAIB 2009 „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси.

Советот за радиодифузија на Република Македонија за проектот финансиран преку IPA TAIB 2009 „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси“, едногласно одлучи да номинира лица за следните позиции:

- м-р Андриана Скерлев – Чакар, Раководител на Стручната служба на Советот за член на Надзорниот одбор на проектот;
- Огнен Неделковски, Раководител на Секретаријатот на Советот за Лице кое е на повисока работна позиција, за соработка и комуникација со Консултантот;
- Арбен Саити, Раководител на Секторот за технологии и информатика за Менаџер за квалитет за Активност 1: Имплементирање на ISO 9001:2008, со помошник Билјана Парлеева, Виш соработник во Секторот за правни работи ;
- Елизабета Двојакова од АЕК за Менаџер на проектот (Национален директор на проектот).

Советот го задолжи SPO-то на Советот, Огнен Неделковски, да испрати допис до АЕК, со кој ќе го извести дека Советот ја отстапува позицијата Менаџер на проектот (Национален директор на проектот), на Елизабета Двојакова, SPO на АЕК.

**Точка 9**

Советот ја разгледа предложената Информација за барањето согласност за промена на сопственичката структура на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ.

Советот ја усвои предложената Информација и донесе едногласна одлука да издаде одобрение за промена на сопственичката структура на Трговското Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ, со оглед на тоа што не се создава недозволена медиумска концентрација, односно не постојат формално-правни пречки.

**Точка 10**

Советот ја разгледа и ја усвои предложената Информација за отстранета недозволена медиумска концентрација кај ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес.

Согласно член 15 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија на РМ, на 03.06.2013 година со допис бр.03-2601/1 му наложи на радиодифузерот во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

На 27.08.2013 година, ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес, по електронски пат го извести Советот дека се извршени промени во сопственичката структура на Друштвото за производство, трговија и услуги РАДИО ПЕТ ФМ ДОО Велес, односно дека физичкото лице Љупчо Несторов со ЕМБГ 2802977480007 и со адреса на ул.„Андон Шурков“ бр.8-3 во Велес истапило од сопственоста на ова правно лице.

Секторот за истражување и долгорочен развој изврши проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, при што беа потврдени информациите добиени од радиодифузерот.

Согласно погоре наведеното, Советот констатира дека со извршената промена, ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес ја отстрани недозволената медиумска концентрација, односно во предвидениот рок го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

**Точка 11**

Советот ја разгледа и усвои предложената Информација за отстранета недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ.

Согласно член 15 став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија на РМ, на 01.08.2013 година со допис бр.03-3413/1 му наложи на радиодифузерот во рок не подолг од три месеца од денот на утврдувањето на постоење недозволена медиумска концентрација да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

На 27.08.2013 година, ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ, по електронски пат го извести Советот дека се извршени промени во сопственичката структура на Друштвото за продукција, производство, трговија, услуги ВИДЕО МОЗАИК увоз-извоз с.Трново Битола ДООЕЛ, односно дека физичкото лице Томислав Новаковиќ, со адреса на ул.„Ријека“ бр.7А во Битола истапило од сопственоста на ова правно лице.

Секторот за истражување и долгорочен развој изврши проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, при што беа потврдени информациите добиени од радиодифузерот.

Согласно погоре наведеното, Советот констатира дека со извршената промена, ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ ја отстрани недозволената медиумска концентрација, односно во предвидениот рок го усогласи своето работење со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

**Точка 12**

Советот ја разгледа предложената Информација за извршена промена на сопственичката структура на основачот на Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ од Штип.

Советот, со еден воздржан глас од членот на Советот м-р Васко Петревски ја усвои предложената Информацијата за извршена промена на сопственичката структура на основачот на Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ од Штип.

Советот за радиодифузија на 39-тата седница одржана на 20.08.2013 година, донесе Одлука бр.02-340 од 27.08.2013 година, со која ја одобри планираната промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 ДООЕЛ од Штип.

Секторот за истражување и долгорочен развој изврши проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, при што констатираше дека Радиодифузерот не ја извршил промената на начин на кој беше побарана во Советот, туку извршил промена во сопственичката структура на правното лице кое е основач на радиодифузерот, односно единствен основач на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип и понатаму е Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип.

За промена на сопственичката структура кај правните лица кои се основачи на радиодифузери не е потребна согласност од страна на Советот за радиодифузија, па оттука, со оваа промена не се направени прекршувања на Законот за радиодифузната дејност.

**Точка 13**

Советот ја разгледа предложената Информација во врска со Барањето на ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ, Скопје, бр.03-3682/1 од 05.09.2013 година.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски објасни дека Управителот на ТРД ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, на 5-ти септември 2013-та година поднел Барање, за повлекување на барањата на Советот за поведување прекршочни постапки, бр.03-1789/1 од 11.04.2013 година и бр.03-1799/1 од 11.04.2013 година, а како причина за ваквото барање, во доставениот допис до Советот, ја навел неможноста за плаќање глоби за сторените прекршувања.

Раководителот на Стручната служба, објасни дека станува збор за 2 (две) барања за поведување прекршочна постапка, поради како што навел неговата тешка материјална состојба и тоа: заради емитување платено политичко рекламирање во посебна информативна програма - прекршување на член 75 став 3 од Изборниот Законик и член 27 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања) и заради емитување платено политичко рекламирање кое е подолго од 15 минути на еден реален час и повеќе од 10 минути на еден реален час за еден учесник во изборна кампање - прекршување на член 75 став 3

од Изборниот Законик и член 22 став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања, каде и за двете бара повлекување. Исто така наведе дека во Законот за прекршоците не е содржана правна пречка за повлекување односно откажување од барање за поведување прекршочна постапка од страна на подносителот на Барањето, во конкретниот случај Советот, до правосилноста на пресудата. Објасни дека Советот треба да одлучи како ќе постапи.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, предложи Советот да не носи одлука на оваа седница и истата точка со дополнителен материјал уште еднаш да се разгледа на следната седница.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека е хумано да се разгледа Барањето на ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ, Скопје и да се увидат сите можности за да се одговори на Барањето, пред се затоа што станува збор за медиум на етничките заедници. Но, рече, дека од друга страна преседан е лоша работа. Од досегашното искуство објасни дека членовите на Советот имале можности и постапки со кој се однесувале поблаго во одредени ситуации кај одредени медиуми и пред самите судски постапки но секогаш за таквата постапка постоела некакова основа. За таа цел, за да се извади основот, предложи Секторот за правни работи да подготви дополнителна информација во поглед на тоа дали по изрекувањето на наведените мерки во Барањето, медиумот се однесувал подисциплинирано во однос на почитување на Законот или некој друг основ за да се помогне на ТВ БТР. Членот на Советот, Столе Наумов, рече, дека можеби треба да се види структурата на неговите приходи од Анализата на пазарот на радиодифузната дејност. Додаде дека очекувал и такво нешто, бидејќи кога се зборува дека некој медиум финансиски пропаѓа треба да се има увид, слика во тоа, иако рече дека не се сомнева дека радиодифузерот е во проблематична сосотојба, бидејќи поголемиот дел од медиумите не се виновни во однос на кризата што владее во светски рамки, но сепак потребно е да се има цврсти факти за да се одлучи со чисто срце.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, рече дека Советот им излегува во пресрет на радиодифузерите и при одлучувањето за констатираните прекршувања, односно членовите на Советот биле многу внимателни и за време на Локалните избори 2013, и како што рече „пет пати мериме еднаш пресекуваме“. Истакна дека се плаши доколку Советот направи преседан и добронамерноста на Советот да не биде лошо протолкувана, па и останатите радиодифузери да не се одлучат за ваков потег, бидејќи за Локалните избори 2013 не е единствено изречена мерка само за ТВ БТР, туку и за други радиодифузери. Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, рече дека ако сакаме да одиме уште една фаза понатаму, ако сакаме да ни биде чиста совеста, предложи за да се одговори на Барањето на ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ, Скопје, за периодот кога го има направено прекршокот, Советот да има преглед на увид за минутажата, секундите за овие прекршоци, односно да се види колку е надминат лимитот за рекламирање и согласно неговиот ценовник да се види колку чинела една секунда за политичкото рекламирање, и да се види колку медиумот фактички има заработено, односно наплатено за тие реклами. Го предочи фактот дека на порамнување не бил во Советот за да ја плати половично сумата, и додаде дека доколку радиодифузерот има други проблеми кои не се поврзани со Советот, тогаш Советот не може да помогне.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, рече дека во принцип е за почитување на правилата на игра, додавајќи дека Советот треба да има ист аршин кон сите медиуми подеднакво и не треба да биде селективен. Предочи дека Советот за радиодифузија, пред да започнат Локалните избори 2013 година, организирал работилници и едукативни предавања во таа насока, бил на терен со своите вработени низ територијата на Република Македонија, организирајќи состаноци со сите

радиодифузери. Советот, рече дека не може да се јави во својство на адвокат на ниеден медиум и во надлежните судови да сугерира што да се се земе во предвид а што не, бидејќи на судот е да одлучи. Членот на Советот, Сељадин Џезаири, рече дека доколку на седницата се одлучува по Барањето на ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ, Скопје, неговиот глас ќе биде воздржан, но во принцип е против повлекување на веќе изречени мерки.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека Советот не треба да го интересира финансиската состојба на радиодифузерите, затоа што некој друг го довел медиумот до колапс, бидејќи во тој случај важат економските законитости. Доколку, рече, Советот почне да проштева ќе се јават проблеми, и со самите себе и со останатите радиодифузери.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, го задолжи Секторот за правни работи, за следната седница во однос на Барањето на ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ, Скопје, да подготват дополнителна информација со цела приложена документација, со цел Советот да донесе соодветна одлука.

**Точка 14**

Советот ја разгледа Информацијата по дописот на регионалниот радиодифузер ТРД ТВ ЕДО, село Љубин, Сарај, бр. 03-2876/4 од 22.07.2013 година, во врска со мониторингот на Советот за радиодифузија на емитувана филмска програма од страна на овој радиодифузер, во времето од 09.06.2013 до 16.06.2013 година, со предлог заклучоци.

Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права ја објасни предложената информација.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека следејќи ја програмата на ТВ Едо, дошол до заклучок дека се емитуваат играни филмови кои се уште не се прикажани во кино салите и во однос на тоа рече дека не треба да се премолчат таквите работи.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека не треба се уште да се дискутира околу ТВ Едо затоа што Советот веќе реагирал и испратил досие до МВР. Управителот, рече, игра со наслови на филмови, подметнува договори од други филмови, тврдејќи дека се за тие филмови.

Советот ја усвои Информацијата по дописот на регионалниот радиодифузер ТРД ТВ ЕДО, село Љубин, Сарај, бр. 03-2876/4 од 22.07.2013 година, во врска со мониторингот на Советот за радиодифузија на емитувана филмска програма од страна на овој радиодифузер, во времето од 09.06.2013 до 16.06.2013 година.

Советот одлучи Дописот на регионалниот радиодифузер ТРД ТВ ЕДО да се смета како приговор на записникот за констатиран прекршок бр. 03-3115/1 од 12.07.2013 година, со кон него приложен извештај за доставени договори за емитувана филмска (играна) програма на телевизискиот програмски сервис на ТВ ЕДО во времето од 09.06.2013 до 16.09.2013 година бр. 10-3067/1 од 08.07.2013 година.

Советот едногласно одлучи да се усвои приговорот на ТВ ЕДО во поглед на:

- точка 1, за емитуваниот анимиран филм Bugs Bunny Rabit Rampage (при емитувањето најавен како „Кад се Дуле разгоропади“), на 09.06.2013 година, со почеток во 14,55 часот;
- точка 2, за емитуваниот игран филм „Наивко“ од југословенска продукција, на ден 09.06.2013 година, со почеток во 16,09 часот;
- точка 4, за емитуваниот игран филм играниот филм „Serendipity“, преведен како „Случајни сусрет“, на ден 11.06.2013 година, со почеток во 21,09 часот;

- точка 6, за емитуваниот документарен филм „Александар Велики“, на ден на 12.06.2013 година, со почеток во 15,11 часот ;

- точка 7, за емитуваниот документарен филм „Александар Велики“, на ден на 12.06.2013 година, со почеток во 15,11 часот; и

- точка 8, за емитуваниот игран филм „Night watch“, во најавната шпица е преведен како „Ноќна стража“, со алтернативно име „Detonator II“, на ден 12.06.2013 година, со почеток во 20.28 часот;

Советот одлучи да се одбие приговорот на ТВ ЕДО во поглед на:

- точка 3, за емитуваниот игран филм „Blood crime“, без превод на насловот при најавата, на ден 10.06.2013 година, со почеток во 20,30 часот;

- точка 5, за емитуваниот анимиран филм Merrie Melodies/The Bashfull Buzzard, најавен како „Стидљиви лешинар“, на ден 12.06.2013 година, со почеток во 8,56 часот; и

-точка 9, за емитуваниот игран филм „Lethal weapon “ („Смртоносно оружје“) од 1987 година, на ден 15.06.2013 година, со почеток во 23,08 часот.

Советот одлучи поведената прекршочна постапка согласно Заклучокот на Советот бр.02-2906/5 од 01.07.2013 година, против Трговското радиодифузно друштво “ТВ-ЕДО” ДООЕЛ, с.Љубин, Сарај, врз основа на кој беа изготвени Записникот за констатиран прекршок бр.03-3115/1 од 12.07.2013 година, и Платен налог бр.03-3115/4 од 12.07.2013 година, и беа доставени Покана бр.03-3115/2 од 12.07.2013 година, до правното лице, и Покана бр.03-3115/3 од 12.07.2013 година, до управителот на правното лице, за спроведување постапка за порамнување, да се запре, со оглед на промената на обемот и содржината на сторени казниви дејствија/пропуштања.

Советот едногласно одлучи да се поведе нова прекршочна постапка, односно да се спроведе постапка за порамнување, пред да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, за филмовите за кои е одбиен приговорот на ТРД “ТВ-ЕДО” ДООЕЛ, с.Љубин, Сарај, односно за продолжен прекршок сторен со емитување на следните филмови:

- игран филм „Blood crime“, без превод на насловот при најавата, на ден 10.06.2013 година, со почеток во 20,30 часот;
- анимиран филм Merrie Melodies/The Bashfull Buzzard, најавен како „Стидљиви лешинар“, на ден 12.06.2013 година, со почеток во 8,56 часот; и
- игран филм „Lethal weapon “ („Смртоносно оружје“) од 1987 година, на ден 15.06.2013 година, со почеток во 23,08 часот,

кој се состои во емитување програми без уредени авторски права и сродни права, што е спротивно на член 77 став 1 од Законот за радиодифузната дејност а казниво по член 166, став 1, точка 20 и член 166, став 3 од истиот закон.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да одговори на дописот на ТРД ТВ ЕДО, село Љубин, Сарај, бр. 03-2876/4 од 22.07.2013 година.

**Точка 15**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за поништување постапка за доделување договор за јавна набавка, спроведена како постапка со барање за прибирање понуди врз основа на Одлука за потреба од јавна набавка за услугата: Одржување и сервисирање службени моторни возила на Советот за радиодифузија на РМ (сервис – комплетно одржување), во делот бр. 1 - Одржување и сервисирање службеното моторно возило Nisan Kaskai 1.4.

Раководителот на Стручната служба објасни дека согласно Тендерска документација, крајниот рок за доставување понуди во врска со оваа постапка беше до 02.09.2013 година, во 12.00 часот. Со оглед дека заклучно со наведениот рок до Советот не беше доставена ниту една понуда, во поглед на Дел 1 - Одржување и сервисирање на службеното моторно возило на Советот за радиодифузија на РМ „НИСАН КАШКАИ" – 1.4 (сервис – комплетно одржување), врз основа на Извештајот од спроведената постапка на Комисијата за јавни набавки, се предлага наведената Одлуката за поништување постапка за доделување договор за јавна набавка.

Советот едногласно донесе Одлуката за поништување постапка за доделување договор за јавна набавка, спроведена како постапка со барање за прибирање понуди врз основа на Одлука за потреба од јавна набавка за услугата: Одржување и сервисирање службени моторни возила на Советот за радиодифузија на РМ (сервис – комплетно одржување), во делот бр. 1 - Одржување и сервисирање службеното моторно возило Nisan Kaskai 1.4.

Советот одлучи да се пристапи кон продолжување на постапката за предметната јавна набавка согласно Извештајот за спроведена постапка бр.02-3561/5 од 03.09.2013 година на Комисијата за јавни набавки.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви одлуката.

**Точка 16**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за доделување на договор за јавна набавка за потребите на Советот за радиодифузија на Република Македонија.

Советот едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2013 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка - услугата: Одржување и сервисирање на службеното моторно возило на Советот за радиодифузија на РМ „НИСАН КАШКАИ" – 1.4 (сервис – комплетно одржување).

За реализацијата на договорот за јавна набавка, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2013-та година.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки.

**Точка 17, 18, 19, 20, 212, 22, 23, 24 и 25 и точка под Разно**

Во однос на Барањата за дополнување на регистрираниот збирен програмски пакет на наведените во дневниот ред оператори на јавна комуникациска мрежа, Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, објасни дека целата доставена документација е во согласност со Одлуката за доставување на пропратна документација кон Барањата и другите дописи упатени до архивата на Советот за радиодифузија и Правилникот за регистрација на пакетот програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи.

Советот едногласно одлучи да се прифатат Барањата за дополнување на регистрираниот програмски пакет на: Друштво за производство, трговија и услуги КТВ ПЕШНА ДООЕЛ Кичево, ТРД – оператор на кабелска мрежа КРАТЕЛСАТ ДООЕЛ Виница, ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЛЕ КАЛ Кичево, Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-ОН ДООЕЛ Дебар, ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-КТВ ДООЕЛ Струга, ТРД – оператор на кабелска

мрежа КАБЕЛ Л НЕТ Лабуништа, ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, Подружници Телекабел – Аналоген збирен пакет за градовите Скопје, Велес, Штип, Битола, Св.Николе, Струмица, Кочани,Неготино, Радовиш и Кавадарци.

Советот едногласно одлучи:

- на Друштвото за производство, трговија и услуги КТВ ПЕШНА ДООЕЛ Кичево, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.2 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа КРАТЕЛСАТ ДООЕЛ Виница, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.6 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЛЕ КАЛ Кичево, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.3 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Скопје, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.23 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-ОН ДООЕЛ Дебар, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.7 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-КТВ ДООЕЛ Струга подружница Желино, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.2 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-КТВ ДООЕЛ Струга, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.7 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ Л НЕТ Лабуништа, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.5 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, Подружници Телекабел – Аналоген збирен пакет за градовите Скопје, Велес, Штип, Битола, Св.Николе, Струмица, Кочани,Неготино, Радовиш и Кавадарци, да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.2 за регистрација на програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.
- на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип, Прилеп, да му се издаде Потврда за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.46 за регистрација на дигитален програмски пакет на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи назначеното лице од Советот за водење на предмети од управна постапка, да ги запише потврдите во Уписникот за предметите од управна постапка – Уп 1.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста да ги објави на веб страницата на Советот за радиодифузија измените во програмските пакети на: Друштво за производство, трговија и услуги КТВ ПЕШНА ДООЕЛ Кичево, ТРД – оператор на кабелска мрежа КРАТЕЛСАТ ДООЕЛ Виница, ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЛЕ КАЛ Кичево, Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, ТРД – оператор на кабелска мрежа Г-ОН ДООЕЛ Дебар, ТРД – оператор на

кабелска мрежа Г-КТВ ДООЕЛ Струга, ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ Л НЕТ Лабуништа, ТРД – оператор на кабелска мрежа РОБИ ДООЕЛ Штип, Подружници Телекабел – Аналоген збирен пакет за градовите Скопје, Велес, Штип, Битола, Св.Николе, Струмица, Кочани,Неготино, Радовиш и Кавадарци.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, потврдите да ги достави до наведените оператори на јавна комуникациска мрежа.

**Точка 26**
**Разно**

- Советот ја разгледа и ја усвои предложената Информација за РД НАШАТВ ДООЕЛ Скопје и РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, по иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Раководителот на Секторот за економско – финансиски работи објасни дека Советот за радиодифузија на својата 41-ва седница одржана на 30-ти август 2013 година, ја разгледа Информацијата за плаќање на доспеаниот надоместок и врз основа на член 63 став 1, алинеја 5, а согласно член 64 од Законот за радиодифузната дејност, иницираше постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на РД НАША ТВ ДООЕЛ од Скопје и РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ од Прилеп, кои не го платија надоместокот во рокот утврден во дозволата.

РД НАША ТВ ДООЕЛ од Скопје и РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ од Прилеп, по доставеното последно предупредување тоа да го сторат во рок од 15 дена, односно најдоцна до 13-ти септември 2013 година, во дополнителниот рок, во целост го платија пресметаниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Согласно погоре наведеното, Советот за радиодифузија на РМ, согласно член 64 од Законот за радиодифузната дејност и член 23 став 3 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ (“Службен Весник на РМ” бр.64/2012), едногласно донесе Заклучок за запирање на иницираната постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на РД НАША ТВ ДООЕЛ од Скопје и РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ од Прилеп, кои по иницирањето на постапката за одземање на дозволата, а пред донесувањето на одлуката на Советот, извршија плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги подготви заклучоците за запирање на иницирање постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на РД НАША ТВ ДООЕЛ од Скопје и РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ од Прилеп.

-Советот ја разгледа предложената Информација во врска со доставеното барање на „Институтот за општествени и хуманистички науки" за одложување на роковите за исполнување на јавната набавка – Истражување на родовите прашања во програмите на радиодифузерите, со предлог заклучок, предлог-Одлука и предлог-Анекс.

Раководителот на програмски работи, објасни дека Советот за радиодифузија на РМ, на 35-седница, одржана на ден 15.07.2013 година, донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот на јавна набавка - Истражување на родовите прашања во програмите на радиодифузерите. Следствено на донесената одлука за потреба од јавна набавка, се спроведе постапка и се склучи договор за јавна набавка за предметната услуга со „Институтот за општествени и хуманистички науки". На 6-ти септември 2013 година до Советот, од страна на „Институтот за општествени и

хуманистички науки”  беше доставено Барање бр.38/2013 од 06.09.2013 година, за одложување на три поединечни рокови за истражувањето, регулирани во член 7 од потпишаниот Договор. Бидејќи не постои правна пречка за пролонгирање на погоренаведените рокови, како и тоа дека поместувањето на роковите кое што се бара оди во прилог на обезбедување на потребниот квалитет на анализите, а тоа од друга страна нема да влијае врз законските рокови за реализирање на останатите обврски на Советот (презентирањето на резултатите и обуките за медиумските професионалци се предвидени во ноември или декември 2013 година), се предлага да се прифати Барањето.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи и членот на Советот, Бранко Радовановиќ, до Раководителот на програмски работи поставија одредени прашања во насока на појаснување на информацијата и моменталниот тек и состојба со наведеното истражување.

Членот на Советот, Столе Наумов, запраша, бидејќи станува збор за јавна набавка, дали законот дозволува да Советот го прифати Барањето за одложување на роковите? Дали на тој нечин се крши правото на другите учесници на тендерот, односно дали би се нарушил целиот процес?

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски го задолжи Секторот за правни работи, за следната седница да подготват информација во која ќе бидат опфатени правните прописи и можности за прифаќање на наведеното барање, со цел Советот да ја донесе соодветната одлука.

**Бр. 02-3686/19**
**30.09.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*